*Елица МАНЕВА*

**УДК: 984:726.84(497.742)„653"**
**904:671.12(497.742)„653"**

# ГРОБОТ 942 ОД НЕКРОПОЛАТА ВОДОЧА-ПРИМЕР ЗА ОБНАРОДУВАЊЕ НА СРЕДНОВЕКОВНИОТ НАКИТ

***Кратка содржина***

*Повеќевековното егзистирање на Некрополата Водоча (XIII-XX век) и континуитетот на погребување на една популација од иста населба донесува и одделни археолошки посебности. Една од нив е обнародувањето на некои типови средновековен накит кој со векови се имитирал од локалните мајстори инфилтрирајќи се во фолклорното наследство.*

***Клучни зборови:*** *НЕКРОПОЛА ВОДОЧА, ГРОБ 942, НАКИТ, ОБНАРОДУВАЊЕ*

На просторната некропола од комплексот *Водочки цркви, Св. Леонтиј, Водоча* на 4 км североисточно од Струмица забележан е долг континуитет на погребување од месното население почнувајќи од XIII-XIV, па сè до првата половина на XX век.[1]

Големиот број гробови, како затворени целини донесуваат интересни податоци за погребената популација.

Според бројноста на наодите, нивната уникатност и неочекуваните сведоштва коишто ги нудат, предничат откритијата од периодот на така нареченото *Турско средновековие* (XV-XVIII век) до неодамна, речиси, непознати од аспект на археолошките истражувања.

Археолошките артефакти од некрополата се сведуваат главно, на

---

[1] Во текот на 1961-1962 година се извршени првите археолошки истражувања на некрополата во Водоча. Нив ги извел В. Лахтов, П. Миљковиќ-Пепек работејќи на сакралните објекти околу кои била формирана некрополата, во 1973-1974 година извршил и помали археолошки ископувања. Миљковиќ-Пепек 1975, 19, 20, сл. 1, 2. Археологот Јован Ананиев најдолго работел на наведениот комплекс почнувајќи од 1979-2003 година. (Ананиев 1989, 185, 186; Id., 1994, 57-64 etc.). Работите се завршени во 2004 година кога археологот Ване Секулов ги ископа последните 23 гроба. Со тоа биле откриени 1081 гроб.

накитот и металните додатоци од облеката.[2]

Нивното проучување, покрај другото, на виделина го исфрлија феноменот на „долгото траење“ на одделни типови накит. Тоа може да биде во буквална смисла на зборот, како употреба на еден примерок од повеќе генерации или да се јавува како континуитет во опстојувањето на одделни, средновековни типови чиешто значење и изглед, во основа, останале важечки со векови потоа.

Долготрајното копирање, во вториов случај, доведува до процесот на обнародување на еден дел од средновековниот накит којшто со тоа се имплементира во фолклорното наследство.

*Гробот 942* од Водоча и наодите откриени во него се очигледен пример за наведените феномени.




*Сл. Т I*

[2] Манева 2007, кат. бр. 1-70.

Гробот лоциран во Кв. $В_{18}$ е ископан во 2000 година. Тој претставува слободно вкопана јама во ѕид од кал и камен од некој постар објект. Јамата е оградена, претежно во западните делови со венец од кршени камења. Димензии: должина - 1,56 m; широчина - 0,61 m кај главата до 0,35 m кај нозете.

Иако недостигаат стапалата, шаките и делови од десната потколеница, скелетот е релативно добро зачуван. Припаѓа на девојче од јувенилна возраст.[3]

Скелетот е положен на грб во правец З-И (со отклон од 3° кон север). Нозете се испружени, а рацете прекрстени; десната на половината, а левата на карлицата. **Т. I**

*Наодите од гробниот инвентар* се релативно добро зачувани. Тие се состојат од една наушница со вертикална јаготка, чифт наушници со трепетушки и еден масивен прстен. **Т. I** $_{(1-4)}$

*Наушницата со една вертикално нанижана јаготка* (Инв. бр. 2616) е откриена од десната страна, како поединечен наод. **Т. $I_{(1)}$, Сл. 1, 5** Конструкцијата ѝ се состои од една бронзена жица (пресек 1,5 mm) којашто во горниот дел е свиткана во кука, односно во неправилно оформен, затворен круг со преклопен врв. Другиот завршеток е вертикално издолжен со нанижана, топчеста, шупливо лиена, сребрена јаготка составена од две полукалоти. Јаготката е прицврстена за „куката“ со намотувања од тенка жичка, од двете страни и на тој начин е фиксирана за лежиштето.




*Сл. 1.*

[3] Податоците за погребената личност потекнуваат од теренската документација: Дневникот на ископување и техничките цртежи. Антрополошка и антропометриска анализа не постои.

Примерокот е добро зачуван. Тој ги има следните димензии: висина – 28 до 30 mm; дијаметар на јаготката - 10 mm, а тежина - 1,42 гр.

По својата вертикална конструкциска шема оваа наушница припаѓа на типовите познати од повеќе локалитети почнувајќи од XIII-XIV[4], па сè до „народните“ варијанти од XV-XVI век.[5]

Начинот на којшто е оформена куката во горниот дел и дебелината на жицата недвосмислено зборуваат дека таа не била носена протната во ушната школка туку била прикачена за некакво покривало за глава, висела на лентичка или, можеби, во самата коса.

Во неколку гробови од некрополата во Водоча од XV и XVI век се среќава сличен аранжман - употреба на наушница како единечен наод, било да е најдена од десната[6] или од левата страна на главата.[7] Не е исклучено местото на наоѓање да било последица на положбата што овој наод ја добил во моментот на погребувањето (?).

Се чини, исто така, веродостојна е и претпоставката дека терминот *наметушка* зачуван во одделни, архаични дијалекти во македонскиот јазик се однесува токму на овој вид „украс“ кој висел на главата, „наметнат“ врз неа, во делот околу или над ушите.

Асиметричноста, односно единечната употреба, веројатно, влече потекло од улогата на обетките (најчесто алчиња) кои ги носеле децата од двата пола на увото. Тие имале улога на амајлија со магиско-профилактички својства коишто, се верувало, ги чувале носителите од уроци, болештини и други зла.[8]

*Чифтот наушници со трепетушки* се откриени од двете страни на главата, во пределот на ушите и образите. **Т. I $_{(2\text{-}3)}$, Сл. 2, 3 6, 7**

Двете наушници се симетрично носени и имаат идентичен изглед. Ковани се врз иста матрица, со незначителни разлики кои произлегуваат од уникатната, рачна изработка на секој примерок. Димензии: ширина - 32 до 40 mm, висина 55 mm, дебелина на корпусот 9 mm, тежина: а) 4,20 гр.; б) 4,06 гр.

---

[4] Хаџи-Пешиќ 1984, Т. IV, 6; Манева 1992, Т. 17 (избор).
[5] Йосифова 2001, 75-83; Манева 2007, кат. бр. 18.
[6] Манева 2007, кат. бр. 19, 21 etc.
[7] Види гроб 931. Манева 2011/$_1$, Т. I$_{(6)}$, сл. 6 (во печат).
[8] Манева 1992, 38, 39, п. 112а – 115б.




*Сл. 2.*

Украсниот корпус во вид на плоснат цилиндер е компониран така што две истоветни, кружни, лимени парчиња со триаголен исечок во горниот дел се споени вдолж надворешниот раб со лента од ламарина. Со тоа се оформува волуменот на украсниот дел од наушницата кој е шуплив во внатрешноста.

Лицевите страни од корпусот претходно биле украсени во техника на исчукување врз матрицата. Декорацијата се состои од по четири кругови со точка во средината, од кои едниот е лоциран во центарот, во аголот на триаголниот исечок. Останатата површина е исполнета со групи од точкасти испакнатинки. Последново е имитација на гранулиран украс, а со круговите со точка се имитира и филигран со гранула. Кога станува збор за централниот дел, кругчето со точка е замена за украсното „камче“.[9] **Сл. 2, 3, 6, 7**

На надворешните, кружни, лентести рабови се прикачени ушки од жица (веројатно ги имало по шест) на коишто виселе многу тенки, сребрени листенца - трепетушки.[10]

---

[9] Види наушница од депото *Кале* – Скопје (2010): Манева 2011/$_2$, сл. 3, 4 (во печат).

[10] Манева 1992, 62, Т. 30; Хаџи-Пешиќ 1984, Т. XIV; Манева 2007, Кат. бр. 11 -18.




*Сл. 3*




*Сл.4*

Меѓу трепетушките биле апплицирани купести розетки од филигранска жичка. Кај едната наушница (инв. бр. 2615в) зачувано е и потковичестото тегле кое било сврзано со 2 шарнира за украсниот дел. **Сл. 3, 7**



*Сл. 5.*



*Сл. 6.*

Кај другата наушница (инв. бр. 2615а) тоа недостига, но се гледаат две кружни перфорации, веројатно направени дополнително за да се овозможи натамошната употреба на веќе оштетената наушница. **Сл. 2** Кај оваа наушница се забележуваат и други подоцнежни „крпења“ - со тељче е прицврстена за корпусот кај еднаш веќе отпаднатата трепетушка. **Сл. 6**

Според обликот на украсниот дел, овој пар наушници припаѓаат на кружниот тип чиишто најлуксузни примероци од XIV век се посведочени на фреско живописот од тоа време[11], како и во пишуваната, архивска граѓа.[12]

Меѓутоа, на доминантните карактеристики на втората група и петтата варијанта (со триаголен исечок) од кружниот тип наушници, кај примероците од Гробот 942 од Водоча се присутни и елементи од зрачестиот тип; радијално додадени розетки на надворешниот раб и трепетушки како позајмица од ориенталниот стил, наместо декоративните цевчиња со вметнато камење.[13]

На тој начин е создаден еден еклектичен, „народен“ тип наушници со карактеристики преземени од средновековните, велмошки, кружни и зрачести, луксузни форми, но истовремено и со елементи од ориенталната мода на XVI век - времето кога тие настанале.[14]

Слични аналогии од ова време (XV, XVI и XVII век) се среќаваат и на други централно-балкански простори.[15]

Многу поедноставени, фолклорни варијанти од периодот на *турското средновековие* се откриени во христијанските некрополи во *Демир Капија, Манастир-Мариово, Орта Џамија* итн.[16]

Луксузните, кружни или зрачести наушници како прототипови од

---

[11] Најтипични примери на кружни наушници се среќаваат на портретите кај кралицата Симонида од Старо Нагоричино, кај Кралицата Јелена во Бела Црква (Србија), Царицата Јелена во Дечани (Косово) итн., сите од XIV век, како и во XV век кај невеста од свадбата во Каана - Св. Никола Болнички - Охрид, кај ктиторката Милица од Матка - Скопје итн. Ковачевиħ 1953, 115, сл. 75.

[12] Во депозитот на Јаков Манчетиќ од 1375 година, дубровничкиот писар Ненац Чахориќ ги набројува, покрај другото, и застапените кружни наушници: „Unum par çerçelorum auri rotundorum sclavicorum cum lapidibus preciosis...“ Радојковиħ 1969, 133, n. 262.

[13] Maneva 2005, cat.no. 24ab – 26ab.

[14] Во познатата остава од XVI век, од Сашка Црква (Саска или на Сасите) од Ново Брдо - Косово, најден е и пар сребрени, позлатени, квалитетно изработени, кружни наушници. И тие имаат триаголен исечок во горниот дел на корпусот. Теглињата им се врзани со украсниот дел со по два шарнира, што значи дека и тие виселе на клиски покрај ушите и образите. (Тежина: а) 15,42 и б) 15,51 гр.). Зечевиħ 2006, 242, 243, кат. бр. 147.

[15] Радојковиħ 1969, Т. 180-181; Иваниħ 1995, кат. бр. 205.

[16] Манева 1992, 156, 159, 212, 231. Т. 24, 31/78, 31/100, 69/3.

коишто се развиле наведените фолклорни варијанти се составен дел во неколкуте закопани трезори од Македонија. Тоа се познатите остави од XIV век од *Маркови Кули - Варош - Прилеп,*[17] *Горно Оризари - Кочани,*[18] како и новооткриениот од *Кале - Скопје.*[19]

Според својата тежина[20] и според ликовните сведоштва од фреско живописот,[21] како и по својата конструкција на теглиња зацврстени со два шарнира за украсниот корпус, тие, без сомнение, виселе на клиски, ленти или синџирчиња во пределот на ушите, односно образите.

Освен терминот наушници во смисла *на(д)ушници,* за нив се употребуваат и називите *за(д)ушници* и сл.[22]

Во одделни дијалекти од македонскиот јазик, меѓу фолклорниот начин на китење се среќава и „накитот" (некогаш и од текстилни конци) познат како - *образници* - украси - што висат покрај образите. Овој термин се чини адекватен и за примерите од Гробот 942 од Водоча. Тие, имено, би биле *наушници - образници.* Нивната конструкција со два шарнира секако, не била подобна за тие да бидат протнати во увото.

На улогата на *наушници - образници* и покрј повеќекратното намалување на тежината, упатува и нивната разиграна и кревка форма. Тие, веројатно, се употребувале само во посебни, свечени прилики.

Според „раскошот" *наушниците - образници* од Гробот 942 претставуваат редок и скап накит што можеле да си го дозволат само семејства, односно припаднички од највисокиот социјален и економски сталеж на своето окружување.

Во некрополата од Водоча овој тип накит се среќава само во два

---

[17] Манева 1992, 194-195, Т. 27, 31, 40, $89_{58/49}$ etc. со цитирана литература.

[18] Ibid., 137-138, Т. 25, 27, 102.

[19] Во текот на ископувањата на *Кале – Скопје,* во 2010 година, во самиот ѕид од придружен, неугледен објект од кал и камен, источно од т.н. *резиденцијален објект,* на најдоминантната позиција од локалитетот, откриено е депо со велмошка колекција на женски накит. Тоа се состои од пар маркантни кружни наушници со триаголен исечок и украсен „камен" во центарот на едната лицева (видливата) страна, како и аграфа за закопчување на велмошката наметка. Манева $2011/_2$, сл. 3, 4 (во печат).

[20] Како споредба можат да се посочат димензиите и мерките од депоата со скапоцен накит. Кружната наушница од *Горно Оризари – Кочани* е тешка 83 гр., зрачестата е 65 гр., додека најмалата е ташка 27 гр. Maneva 2005, cat. no. 23, 24, 26. Зрачестата наушница од *Маркови Кули – Варош, Прилеп* тежи 44,45 гр. Maneva 2005, cat. no. 25. Наушниците од депото најдено на *Кале – Скопје* изнесуваат а) 14,38 гр. и б) 13,93 гр.

[21] Cf. n. 11.

[22] Во постарата литература, особено за пределите населени со словенско население се среќава и терминот наушници – слепоочничарки. Манева 1992, 38.

случаи.[23] Тоа најдобро ја илустрира претходната констатација.

*Прстенот* (инв. бр. 2617) од Гробот 942 е откриен во пределот на шаките на левата според *Дневникот на ископување* или на десната судејќи по зачуваната *архитектонска документација*. **Т. I** (4)

Меѓутоа, со оглед на кревкоста и грацилноста на младешкиот скелет и изгниеноста на коските од дланките, како и заради масивноста и обемот на обрачот од прстенот, се чини поверојатно, тој да бил приложен (во рацете?) како погребен дар, отколку да бил носен на некоја од нив. Неговите димензии се: висина - 30 mm; внатрешен дијаметар - 19 до 21 mm; пречник на главата, односно печатот - 15 mm; и тежина - 12,30 гр.

Прстенот претставува квалитетен примерок, печатник, излиен во бронза со додатно врежување.

Обрачот е особено масивен, од внатрешната страна кружен, додека надворешната контура е, речиси, октогонална. Пресекот му е лачен до триаголен, освен во долниот дел и странично, симетричено, во средишните партии, каде е зарамнет формирајќи ромбоидни или хексагонални, површини.

Кај луксузните предлошки од XIV - почетокот на XV век, овие делови од обрачот биле декорирани, најчесто, со омилените готички мотиви како што се четворолистните, стилизирани цветови.[24]

Главата од водочкиот прстен е поставена на биконичен врат. Таа е плочеста, кружна, со плоштина на која е врежан печат. **Т. I** (4), **Сл. 4, 8**

[23] Манева 2007, кат. бр. 11, 12 (од гробот 924 од Водоча, како и овде третираните примероци од гробот 942).

[24] Радојковић 1969, Т. 111, 112, 118 итн.



*Сл. 7.*



*Сл. 8.*

Оваа форма претставува доследна имитација на прстените карактеристични за западноевропската готика, забележана и во материјалната култура на балканските простори. Ова влијание, пред сè, се должи на присуството на мајсторите, рудари, металурзи и златари со западноевропска провениенција коишто работеле во рудоносните области.[25]

Прстенот од Гробот 942 е поедноставена, погломазно излеана копија, без вообичаената декорација на обрачот, но со врежан печат како доследна имитација на готичките мотиви.

На главата од водочкиот примерок, по повеќекратни копирања, локален мајстор, според своите можности, со субјективен ракопис го врежал печатот од типот *роза на ветровите.* Како урнек може да се посочи еден луксузен, сребрен прстен од почетокот на XV век откриен во околината на Приштина.[26]

Кај овој прототип се забележува типичната декорација и форма на обрачот, како и прецизно изработен печат - *роза на ветровите.* Тоа е цвет со пет листенца од чии врвови изникнуваат извиени ластари што се веат во круг, во правец на сончевото движење.[27]

Водочкиот примерок е изрежан со помала вештина, но со импресивна сугестивност.

*Розата на ветровите* на прстенот од Гробот 942 е претставена како разлистена пупка со пет латици и ластунки извиени во вид на омилените *готски куки* коишто се веат, разлеани околу неа. **Сл. 4, 8**

Овој специфичен мотив често бил застапен во готичката уметност: во пластиката, витражот, (*прозорски рози*) во минијатурата, како и кај предметите од уметничките занаети: керамика, накит и сл.

И по својата форма, и по суштинското значење *розата на ветровите* во овој контекст кореспондира со возвишените, ритерски идеали.

Со повеќеслојно и амбивалентно значење мотивот на розата е широко распространет во средновековието. Тој бил присутен и во орнаментиката, верувањата и обичаите уште од антички времиња.[28]

Длабоко меморираниот симболизам на овој флорален мотив (кој има допирни точки со мотивот на кринот, лотосот итн.) во христијанската култура се препокрива со соодветно религиозно значење.

Првенствено тоа е *Роза на небесата, Дрво на животот* или самата *Дева Марија.*

---

[25] Иванић 1998, 10.

[26] Радојковић 1969, Т. 112.

[27] Ibid., 352, Кат. бр. 112.

[28] Chevalier, Ghreebrant 1987, 571; Купър 1993, 183-184, EB-CD.

Црвената роза станува и симбол на пролеаната Исусова крв,[29] а оттука и на повторното раѓање на што асоцира путирот и причесната.

Преку петте листенца се навестува нумеролошкиот код кој алудира на обновување (после еден довршен циклус, односно после четири).[30]

Во готската орнаментика мотивите на *астралната розета*, на *розетата на бесконечноста* и на *розата на ветровите* со текот на времето се преплетуваат со изгледот и симболиката на *тркалото (на животот)*.[31]

Може само да се нагаѓа како се поимале евентуалните витешки, ритерски, па и трубадурски идеали на овие простори. Во секој случај во прашање биле длабоко религиозни и возвишени рефлексии кои избиваат од врежаниот печат на прстенот од Гробот 942 од Водоча.

Во него се сублимирани искуствата на многу генерации сè до XVI век кога тој бил изработен и носен.

Во неговото значење, секако, не изостанувале трогателни емоции од религиски, личен или статусен карактер.

* * *

Зачуваните карактеристики на накитот од младата девојка од Гробот 942 од Водоча освен за временската определба од XVI век, ја покажуваат и нејзината општествена положба и честитото потекло.

Чифтот впечатливи *наушници - образници* **Сл. 2, 3 6, 7** во основа ги копираат луксузните, велмошки примери од XIV век, пред сè, од кружен тип, дополнет со елементи од зрачестиот. Додадените трепетушки на рабовите се само ефектни, ориентални елементи како замена за радијално распоредени цевчиња со украсно камење, вообичаени кај средновековните луксузни предлошки.

Иако се, евтина, обнародена, многу подоцнежна копија, овие наушници од Гробот 942, сепак покажувајќи ги со својот гиздав изглед средновековните, аристократски прототипови, на некој начин го сугерираат и соодветното потекло на покојничката.

Истата констатација важи за прстенот-печатник. **Сл. 4, 8** Тој по својата форма, масивноста и врежаниот мотив од типот *роза на ветровите* има особено, наследено значење. Тоа, во крајна линија, исто така упатува на честитото потекло на носителката.

---

[29] Ibidem.

[30] И амблемот на *Розенкројцерите* содржи слична семиотичка и нумеролошка предлошка: пет рози, четири меѓу краците на крстот и една во центарот како симбол на *Пресветото срце Исусово.*

[31] Како одраз на овие влијанија се среќаваат и други, интересни примери меѓу накитот од Водоча. Манева 2011/$_1$, сл. 5

И едноставната *наушница-наметушка* со една, вертикално нанижана јаготка која висела од едната (десната) страна покрај увото е одраз на средновековните, традиционални обичаи и верувања зачувани со векови потоа, а поврзани со нивната магиско-профилактичка улога. **Сл. 1, 5**

Во зенитот на својата моќ, во XVI век, Османлиската Империја доживува своевиден, економски и културен процвет. Во тоа време на овие простори е забележано опстојувањето на повеќе христијански семејства - потомци од поситното, средновековно племство. Покрај другото тие се посредно посведочени и во Водоча.

Во пописот од 1570 година, во селото *Водоча (Водица),* во *Струмичката каза, Ќустендилски санџак* е забележано постоењето на 16 *баштини* - средновековни, наследни имоти.[32] Нивните христијански сопственици биле погребувани на комплексот: *Водочки цркви, Св. Леонтиј* во Водоча.

Девојчето од Гробот 942 со зачуваниот, традиционален накит поврзан со постарите амајлиски верувања, **Сл. 1, 5** како и со обнародените, луксузни форми инспирирани од велмошките и витешките предлошки, **Сл. 2-4, 6-8,** секако, било член на највидните семејства од оваа популација.

[32] *Турски документи*, Том. V, Кн. III, 80, 81, 648, 657; Стојановски 1989, 241, 249.

### *Литература*

Алексова 1957 = Б. Алексова, Округли наушници од Демир Капија, *ГИНИ*, бр. 1, Скопје 1957, 47-56

Aleksova 1966 = B. Aleksova, *Prosek - Demir Kapija, slovenska nekropola i slovenske nekropole u Makedoniji,* Dissertationes, tom 1, Skopje - Beograd 1966

Ананиев 1989 = J. Ананиев, Водоча, црква Св. Леонтие - Водоча, Средновековна некропола, *АР* 28 (1987), Ljubljana 1989, 185-186

Ананиев 1994 = J. Ананиев, Археолошки ископувања на црквата Св. Леонтие во с. Водоча, 1986-1990 год. *КН* 17-18 (1990-1991), Скопје 1994, 57-64

Ацовић 2008 = Д. М. Ацовић, *Хералдика и Срби,* Београд 2008

Атанасова 2003 = М. Атанасова, *Духовните традиции на Тивериопол,* Струмица 2003

Бајаловић - Хаџи-Пешић 1984 = М. Бајаловић - Хаџи-Пешић, *Накит VIII-XVIII века у Музеју града Београда,* Београд 1984

Chevalier, Gherrbrant 1987 = J. Chevalier, A. Greerbrant, *Rječnik simbola*; Zagreb 1987

EB-CD = *ENCYCLOPEDIA BRITANICA - CD*

Иванић 1995 = Б. Иванић, *Накит из збирке Народног музеја од 15. до почетка 19. века,* Београд 1995

Иванић 1998 = Б. Ивановић, *Прсшење сриске средњовековне властеле,* Београд 1998

Йосифова 2001 = М. Йосифова, За еден малко познат тип средновековни обеци и наушници (XIII-XV), *ИНИМ* XII, София 2001, 75-83

Ковачевић 1953 = J. Ковачевић, *Средњовековна пошња Балканских Словена - Студија из историје средњовековне културе Балкана.* Посебна издања Историјског института САНУ (CCXV), књ. 4, Београд 1953

Купър 1993 = Дж. Купър. *Илюстрована енциклопедия на символите,* София 1993

Макрова 1978 = Т.И. Макрова, Симетрия в растителъном орнаменте древней Русии, *Древная Рус и Славяне,* Москва 1978, 370-377

Манева 1992 = Е. Мансва, *Средновековен накит од Македонија,* Скопје 1992

Maneva 2005 = E. Maneva, *Ancient Jewellery from Macedonia - Middle Age, Calamus,* Skopje 2005

Манева 2007 = Е. Манева, *Древниот накит од Македонија - Некропола Водоча,* Скопје 2007

Манева 2010 = Е. Манева, Детали за народната женска облека и накит од XVI век од Водоча, Patrimonium. MK, 7-8, Skopje 2010, 151-159

Манева 2011/$_1$ = Е. Манева, Имотна жена од крај на XV - почетокот на XVI век од Водоча, *ГЗФФ*, Скопје 2011 (во печат)

Манева 2011/$_2$ = Е. Манева, Unum par çerçelorum… - наушници-заушници, обеци-обетки..., Научни собири МАНУ, 100 години од раѓањето на акад. М. Петрушевски, Скопје 2011 (во печат)

Милошевић 1990 = Д. Милошевић, *Накит од XII до XV века из збирке Народног музеја,* Београд 1990

Миљковиќ-Пепек 1975 = П. Миљковић-Пепек, *Комплексот цркви во Водоча*, Скопје 1975

Радојковић 1969 = Б. Радојковић, *Накит код Срба од XII до краја XVIII века,* МПУ, Београд 1969

Стојановски 1989 = А. Стојановски, Македонија во турското средновековие (од крајот на XIV - почетокот на XVIII век), Скопје 1989

Тривунац-Томић 1962 = Г. Тривунац-Томић, Сребрена остава из Доброг Дола, *Зборник радова Народног музеја* 3, Београд 1962, 188-189.

*Турски документи,* Том V, кн. III = *Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак*, Том V, кн. III, Скопје 1982

Здравев 1996 = Ѓ. Здравев, *Македонски народни носии,* Скопје 1996

Зечевић 2006 = Е. Зечевић, *Накит Новог Брда*, НМ, Београд 2006

*Elica MANEVA*

# EXAMPLES OF THE POPULARIZATION OF MEDIEVAL JEWELRY

***Summary***

*The preserved characteristics of the jewellery that belonged to a young girl which was discovered in Grave 942 in the Vodoca necropolis determine not only the historical period, the XVI century, but also serve to illustrate her social status and noble heritage.*

*The pair of remarkable cheek-piece ornaments* ***Illustrations 2, 3, 6,*** *7 are basically an imitation of the lavish, aristocratic items from the XIV century, above all, circular in shape, bearing elements of the radial ones. The dangles added on to the sides simply represent interesting oriental elements that serve as a substitute for the radially positioned small tubes with a decorative stone, typical among the opulent representations of the Middle Ages.*

*Even thought they are a cheap, popular, belated replica, these earrings found in Grave 942, displaying with their ornate appearance the aristocratic prototypes of the Middle Ages, do in some ways allude to the proper origins of the deceased girl.*

*The same can be said about the signet ring.* ***Illustrations 4, 8*** *According to its form, size and the engraved motif of the wind rose, the ring carries significant meaning, passed on for generations onwards. It also serves to ultimately allude to the noble origins of its wearer.*

*The simple earring in the shape of an upright strawberry, which hung by the (right) side of the face, near the ear, also reflects the traditional customs and beliefs that existed in the Middle Ages, preserved for centuries afterwards, and having to do with their magical-prophylactic function.* ***Illustrations 1, 5***

*In the peak of its power, in the XVI century, the Ottoman Empire underwent a unique economic and cultural boom. The prosperity of numerous Christian families in this region and at this time is obvious - descendants of the smaller medieval tribes. Among other things, there are direct testimonials as to their existence in Vodoca as well.*

*In the census of the population carried out in 1570, the village of Vodoca (Vodica) in the Strumica kaza, in the Sandjak of Kustendil, the existence of 16 hereditary possessions or bashtini has been noted - medieval heridaments. Their Christian owners were buried in the com-*

*plex: Vodocki Crkvi, St. Leontius Monastery in Vodoca.*

*The girl buried in Grave 942, with the preserved traditional jewelry having to do with some older beliefs about charms and talismans,* ***Illustrations 1, 5,*** *as well as with the popular opulent forms inspired by the aristocratic and knightly representations,* ***Illustrations 2-4, 6-8*** *was without a doubt a member of the most notable families of the population at that time.*